РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1741 / 3
03 -06- 2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на 30 – тата седница, одржана на ден 15.05.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување состојба на судир на интереси против лицето ------, државен секретар во Министерството за -----, бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2352/1 од 09.04.2019 година.

Предметот со број 09-2352/1 од 09.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2352/1 од 09.04.2019 година е оформен по достава на пријава од ------, против лицето -------, државен секретар во Министерството за -----, со наводи дека истото лице ја назначило својата сопруга, ------, како Национален координатор за -------- и советник на Ректорот за наука на Универзитетот ---------.

Во самата пријава има наводи дека службеното лице ----- го назначил неговиот брат, -----, за член на Управниот одбор во Институтот за ---------.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија прибираше документи и податоци од релевантни институции чија надлежност е назначувањето/именувањето на лица на функциите кои се наведени во пријавата, по што Државната комисија го утврди следното:

Службеното лице -------- ја извршувал функцијата член на ЈЗУ УИ -------- од 03.08.2017 година до 07.02.2019 година, по што поднел Анкетен лист до ДКСК по престанување на функцијата на ден 25.03.2019 година под бр. 08-1998/1.

Министерот за здравство ја извести ДКСК и достави податоци во однос на назначувањето на лицето ------ за Национален координатор за ------ на ден 07.06.2019 година под бр. 09-2352/3. Во дописот е наведено дека постапката за избор на Национален кородинатор за -------- се заснова врз неформални консултации со експерти од областите кои работат на Медицинскиот факултет, клиниките и другите здравствени институции,

нивни достигнувања и даден придонес во земјата во пракса, министерот или заменик министерот за здравство номинираат експерти за различни области.

Имено, ----- е редовен професор на факултетот за --- при ------- и поранешен клинички психолог од Воена болница, Скопје. Истата, номинирана е исклучиво врз основа на професионалната биографија како универзитетски професор и клинички психолог, поради можноста да даде придонес во скринингот на ментални болести во адолесценција во Македонија, за што има одбрането втора докторска дисертација на Универзитетот во Белград, има објавено научни трудови и научна монографија на таа тема и имала постдокторско усовршување во Америка, како стипендист на Американската влада за областа на менталното здравје. Наведеното лице работи како член на Националната комисија за унапредување на менталното здравје и го изработила делот за скрининг на менталното здравје во адолесценција и акционите планови во Националната стратегија до 2025 година, волонтерски, без надомест.

Ректорот на Универзитетот ---------- на ден 17.09.2019 година под бр. 09-2352/5 ја извести ДКСК во однос на вработувањето на лицето ----- и нејзино назначување на местото Советник за научна соработка.

Имено, со Одлука бр. 0210-132/8-3 од 15.08.2008 година, ------- е избрана за вонреден професор, со Одлука бр. 0701-857/3 од 15.08.2013 година е избрана за редовен професор и Одлука бр. 0201-333/2 од 20.03.2018 година повторно е избрана за редовен професор.

Со Анекс на Договор за вработување бр. 056-1/6 од 08.02.2018 година, покрај звањето редовен професор, истата е назначена и за Советник за научна соработка на Универзитетот. Оваа позиција не е посебно работно место, не е работно место кое се потполнува со вработување и не е систематизирано во Систематизацијата на работни места на Универзитетот. Тоа е дополнителен ангажман за вработените наставници на Универзитетот, за кој се добива одреден надомест од приходи од самиот Универзитет. Советникот има мандат заедно со мандатот на ректорот, а во овој случај до 14.09.2019 година, односно со изборот на нов ректор со мандатен период од 15.09.2019 година, престанува и мандатот на советниците на претходниот ректор.

Во дописот доставен од страна на Ректорот на Универзитетот -------, во прилог е дадено и Мислење од ------- во однос на научните и стручните компетенции на Советникот за научна соработка, ------, односно наведено е дека лицето има исклучителни компетенции во полето на науката и научните истражувања како и во делот на меѓународната научна соработка. Во времето кога била поставен на оваа позиција, изработила потполно нова универзитетска регулатива за отворање на Школата за докторски студии на -------, а исто така во период од 2007 година до 2010 година ја извршувала и функцијата проректор за настава на универзитетот со што значително се зголемиле нејзините компетенции и во сферата на наставата и едукацијата на студентите.

Државната комисија дополнително се обрати до --------- на ден 03.04.2020 година со допис под бр. 09-1741/1, во однос на достава на Одлука на Универзитетскиот сенат со бр.

0201-134/2 од 29.01.2018 година за усвојување на Правилникот за определување на додаток на плата на лица кои извршуваат одредени одговорни и раководни функции на Универзитетот, по што беше доставена наведената одлука и образложено дека сите општи акти на Универзитетот се донесени во согласност со Законот за високото образование и одредби од Статутот на Универзитетот.

На седницата одржана на ден 15.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека не се потврдуваат наводите од пријавата, односно не е утврдена состојба на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Замник претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник